П О Л И Т И К А   З А   К В А Л И Т Е Т

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Стратешка определба на ЦЕНТАРОТ ЗА ОРТОТИКА И ПРОТЕТИКА СЛАВЕЈ АД СКОПЈЕ е производство и промет на ортопедски помагала и медицински препарати, во согласност со барањата на меѓународните стандарди ISO 13485 и ISO 9001, како и на европската Директива за медицинските помагала 93/42/EEC, Директивата 2007/47/EC и Водичот за системот на вигиланца на медицинските помагала MEDDEV 2.12-1 Rev.5.**

**Основните принципи на Политиката за квалитет се:**

- **Почитување на барањата и задоволство на нашите корисници, преку производството на квалитетни и безбедни ортопедски помагала, со примена на современи производствени технологии, со што заштитниот знак на СЛАВЕЈ АД СКОПЈЕ е симбол за високото ниво на квалитет и сигурност.**
- **Континуирано следење на светскиот тренд во развојот на ортопедските помагала.**
- **Проактивната маркетинг ориентираност и асортиманот на квалитетни ортопедски помагала, овозможува зачувување на постоечките и освојувања нови пазари и нови партнерства, што ја претставува визијата и мисијата на организацијата.**
- **Вработените се активно вклучени во развојот на организацијата, согласно нивната компетентност, знаење, обука и искуство. Задоволството на вработените се гледа преку обезбедувањето на современи и безбедни услови и опрема за работа и континуирана едукација на сите нивоа.**
- **ЦЕНТАРОТ ЗА ОРТОТИКА И ПРОТЕТИКА СЛАВЕЈ АД СКОПЈЕ, доследно ги спроведува сите позитивни нормативни акти од законодавството на Р. Македонија, како и меѓународните документи релевантни за програмата на ортопедски помагала.**
- **Во работењето се применува процесниот пристап, со контрола на сите процеси, како единствен систем кои ги исполнуваат поставените цели на организацијата.**
- **Одлуките во организацијата се носат врз основа на направените анализи на потребите на корисниците, мерењата на карактеристиките на производите и процесите, а со цел задоволство на корисниците, деловните партнери, вработените и акционерите и континуираното подобрување на Системот за квалитет.**
- **Добавувачите како партнери, ги избираме врз основа на нивната способност редовно да ги исполнуваат утврдените барања во однос на квалитетот.**
- **Постојаано одржување и преиспитување на системот за управување со квалитет според барањата на ISO 13485:2003 и ISO 9001**
- **Ангажирање на вработените на сите нивоа за исполнување на Политиката и Целите за квалитет.**
- **Политиката за квалитет е достапна за сите вработени и на јавноста.**

**Скопје, 11 април 2016 год.**

**Директор на Славеј ад Скопје**
**Горан Чалоски**